РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2870/8
10.07.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 01.07.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Методија Јанчески.

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Емилија Петреска Камењарова, Арбен Саити, Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Г-дин Петрушевски информира дека на седницата се присутни пет членови на Советот, отсутен е г-дин Јанчески кој тековно спроведува испит на факултетот каде што работи. Објасни дека пред да започне седницата телефонски го најавил отсуството и причината и во таа насока се договориле да не присуствува на седницата.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за", го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 7-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.06.2024 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.06.2024 година.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево за прекршување на членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

4. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД АЛСАТ-М ДОО од Скопје.
5. Предлог за давање одобрение за донесување на Решенија за престанок на важноста на Договор за вработување.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување и сервисирање на службени моторни возила.
7. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на стока – Табла од гравоглас со ласерско гравирање, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно, со 5 гласа „за“ го усвои предложениот Записник од 7-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.06.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно, со 5 гласа „за“ го усвои предложениот Записник од 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.06.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево за прекршување на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека при редовни надзори кај овој радиодифузер, се констатира дека не може најголемиот дел да се спроведат затоа што радиодифузерот емитува само музичка програма. Од таа причина се спроведе вонреден, по службена должност, програмски надзор за спроведување на програмскиот концепт што го има пријавено ТВ ГУРРА од Кичево во Агенцијата, во периодот од 3ти до 9ти јуни 2024 година. Како што е наведено во Извештајот, од потенцијалните 168 часа ТВ-програма за една седмица, ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, воопшто не емитувала програма 89 часа 42 минути и 38 секунди, а 78 часа 17 минути и 22 секунди емитуваше исклучиво музички спотови. Во таа насока се предлага да се изрече мерка јавна опомена, потоа да се направи контролен надзор за кој се надева дека ќе биде усогласен со Законот, дека ќе започне да емитува програма согласно програмскиот концепт, но доколку не постапи, следната крајна мерка е одземање на дозволата.

Г-дин Петрушевски рече дека праксата од изминатите години некако покажува дека кога радиодифузерот почнува вака да се однесува, кога не може да емитува програма, тоа е еден показател дека се движи во правец на откажување од дозволата. Во таа насока ја замоли Службата да направи максимални напори да исконтактира со

радиодифузерот и да му укаже дека има рокови кој мора да се испочитува за да се усогласи со Законот, да вложи напори за да продолжи со работа.

Г-дин Трајчевски објасни дека ТВ ГУРРА од Кичево на почетокот на оваа година, по електронска пошта ја извести Агенцијата дека ќе престане со работа, за да потоа го промени својот став дека сепак ќе вложи напори, дека ќе најде инвеститор за да го задржи медиумот, меѓутоа до сега резултатот е таков како што покажува Извештајот од надзор.

Г-дин Петрушевски рече дека неговата намера и намерата на членовите на Советот е да му се помогне максимално на било кој радиодифузер за да продолжи да работи, но од друга страна Советот секогаш доследно го почитува Законот и изрази надеж дека медиумот ќе преживее.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден, по службена должност, програмски надзор, бр.10-2753/1 од 13.06.2024 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 67 став 6 од ЗААВМУ, затоа што во неделата од 3 до 9 јуни 2024 година, програмскиот сервис на радиодифузерот не спроведуваше најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за телевизиско емитување.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторските права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлогот за донесување на одлука за промена на сопственичката структура на ТРД АЛСАТ-М ДОО од Скопје. Објасни дека сопственици на ТВ Алсат-М се едно правно лице кое поседува 99,862% од сопственоста и две физички лица кое секое посебно поседува по 0,069% од сопственоста. Доставеното барање за кое се бара согласност за промена на сопственичката структура, се однесува на истапување на едно од двете физички лица и уделот од 0,069% го презема другото физичко лице. Во таа насока секторот изврши проверка во Централен регистар на РСМ и се констатира дека не постојат законски пречки да се одобри оваа промена.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО од Скопје.

Со предложените промени на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО од Скопје, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, односно оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски ги образложи Предлозите за давање одобрение за донесување на две Решенија за престанок на важноста на Договор за вработување. Објасни дека беше доставено лично барање од вработена и вработен во Агенцијата да им се прекине работниот однос. Барањата беа поднесени за време на изборите, кога Изборниот законик не дозволуваше вработувања или отпуштања на вработени од државниот сектор за време на избори. Од таа причина Советот на Агенцијата на седница за двата случаи донесе одлука за мирување на работниот однос до завршување на изборниот процес. Бидејќи сега веќе е завршен, се предлага на двајцата вработени да им престане Договорот за вработување на нивно барање.

Г-дин Петрушевски даде појаснување до членовите на Советот, дека и за двајцата вработени, улогата на Советот е да го прифати предлогот и да му даде одобрение на директорот на Агенцијата да донесе две Решенија за вработен и вработена за престанување на важност на Договорот за вработување.

- Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Решение за престанување на важност на Договорот за вработување, арх.бр.04-3809/1 од 04.06.2015г., со Анекс бр.1 арх.бр.04-7272/1 од 30.12.2015г., Анекс бр.2 арх.бр.04-4159/1 од 26.09.2017г., Анекс бр.3 арх.бр.04-201/1 од 11.01.2019г., Анекс бр.4 арх.бр.04-430/1 од 29.01.2019г., Анекс бр.5 арх.бр.04-359/1 од 24.01.2020г., Анекс бр.6 арх.бр.04-453/1 од 02.02.2021г., Анекс бр.7 арх.бр.04-453/2 од 30.07.2021г., Анекс бр.8 арх.бр.04-453/3 од 01.12.2021г., Анекс бр.9 арх.бр.04-2625/1 од 01.07.2022г., Анекс бр.10 арх.бр.04-2625/2 од 28.12.2022г., Анекс бр.11 арх.бр.04-1241/1 од 20.03.2023г. и Анекс бр.12 арх.бр.04-1241/2 од 24.08.2023г., склучен помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и работничката, за работното место Соработник за стратешко планирање и административен надзор во Одделението за стратешко планирање при Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, кој престанува да важи со отказ, по повод писмената Изјава, арх.бр.0401-1108/1 од 06.03.2024г., на именуваниот работник, за откажување на Договорот за вработување.

Договор за вработување од горенаведеното Решение престанува да важи заклучно со 18.03.2024 година.

Одделението за административно-правни работи при Секторот за правни работи и јавни набавки да го одјави работникот пред Агенцијата за вработување на РСМ-Центар за вработување на Град Скопје (Образец М1/М2, од задолжителното социјално осигурување).

- Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Решение за престанување на важност на Договорот за вработување, арх.бр.04-2988/1 од 31.07.2023г. со Анекс бр.1 арх.бр.04-2988/2 од 29.08.2023г., склучен помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и работникот, за работното место Соработник за логистика и тековно одржување во Одделението за материјално работење и логистика при Секторот за финансии и логистика, кој престанува да важи со отказ, по повод писмената Изјава, арх.бр.0401-729/2 од 16.02.2024г., на именуваниот работник, за откажување на Договорот за вработување.

Договор за вработување од горенаведеното Решение престанува да важи заклучно со 01.03.2024 година.

Одделението за административно-правни работи при Секторот за правни работи и јавни набавки да го одјави работникот пред Агенцијата за вработување на РСМ-Центар за вработување на Град Скопје (Образец М1/М2, од задолжителното социјално осигурување).

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски во врска со Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување и сервисирање на службени моторни возила, со оглед дека не се меша во изработка на техничките спецификации даде еден предлог. Објасни дека за сегашната фирма избрана за оваа намена има континуирани поплаки од двајцата возачи кои велат дека услугата за одржување и сервисирање на службени моторни возила е крајно непрофесионална, нестручна, вработените за замена на сијаличка гледаат на интернет како да ја сменат, климата во автомобилот не можат да ја поправат и слично. Во таа насока даде еден предлог, доколку е можно, во техничката спецификација да се обрне внимание повеќе на квалитет а не само на цена, бидејќи со избор на најниска цена може да се склучи договор со фирма која не знае да направи никаква поправка, сервис или одржување. Предложи доколку е можно да се усвои потребата за спроведувањето на оваа постапка за јавна набавка, потоа да се коригира техничката спецификација и да им се достави на членовите на Советот како информација.

Г-дин Петрушевски рече дека принципиелно Советот никогаш до сега не се мешал во изработката, секогаш гласале само за потреба од јавна набавка.

Г-дин Трајчев рече дека членовите на Советот секогаш гласале само за утврдување на потреба за спроведување на јавна набавка, додека начинот на реализација и целокупната процедура е одговорност на директорот и на службата. На кој начин и како ќе се реализира останува на директорот. Објасни дека секогаш принципиелно се залагал за избор да се оди со најниска цена затоа што Агенцијата располага со јавни државни пари и Советот треба да се грижи за нивно ефикасно користење. Негов став е дека немаат право да се мешаат во техничките спецификации и начинот како јавните набавки ќе се спроведат. Исклучиво Советот само одобрува потреба за спроведување на таква постапка.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе даде поддршка за одобрување на оваа јавна набавка. Принципиелно по однос на вакви јавни набавки, за некои од нив, велел да се направи еден соодност на цена и квалитет кој на крајот ќе дадат еден добар продукт, да

се избере економски оператор кој ќе одговори во целост на барањата во техничката спецификација. Се согласи со г-дин Трајчев дека не треба да се мешаат во изработка на техничката спецификација, но овде веќе станува збор и за безбедноста на патниците во службените автомобили и би било добро да се направи таква спецификација која на крајот нема драстично да се одрази на цената во однос на висината, но сепак да се обезбеди релевантен сервис кој што ќе може на вистински начин да ги одржува и сервисира тие возила.

Г-дин Петрушевски рече не знае дали има измени во Законот, но можеби Законот дозволува цената да остане како критериум за избор, а квалитетот да се бара преку техничка и професионална способност, значи со поголем број на вработени, поголем приход, и тогаш можеби нема да се јават 10 фирми, ќе се јават 3 но секако набавката ќе се спроведе почитувајќи го Законот.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска објасни дека станува збор за набавка од мала вредност и затоа не може да се користи најдобар сооднос помеѓу цена и квалитет, туку како критериум за избор е најниска цена. Наведе дека сепак може да се изведе поинаку со почитување на одредбите од Законот за јавни набавки. За оваа јавна набавка информира дека се исполнети сите законски претпоставки а во однос на сугестиите кои беа дадени, рече дека на седницата е присутен раководителот Арбен Саити кој ги слушнал сите забелешки бидејќи од неговиот сектор е изработена техничката спецификација и верува дека ќе постапи согласно кажаното.

Г-дин Петрушевски рече дека она што го кажал г-дин Фиданоски е многу важно, станува збор за можно загрозување на живот на патниците доколку возилата се неисправни и максимално треба да се обрне внимание на преземање мерки за нивна безбедност и безбедност во сообраќајот. Напомена дека останува службата да процени дали ќе ги земе предвид укажувањата дадени во дискусијата, слободата на изработка на техничката спецификација е во нивни раце.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Одржување и сервисирање на службени моторни возила, за 2 (две) години.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Одржување и сервисирање на службени моторни возила за 2 (две) години, за потребите на Агенцијата, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година, односно истите ќе бидат дообезбедени во Финансискиот план за 2025 година.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на стока – Табла од гравоглас со ласерско гравирање, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки. Објасни дека за набавките што се под вредносни прагови, односно под 1000 евра во денарска

противвредност не важат одредбите од Законот за јавни набавки, меѓутоа за да се обезбеди транспарентност во постапувањето, се обезбедени две понуди од кои се прифаќа таа што е економски и финансиски поисплатлива за Агенцијата.

Г-дин Трајчевски објасни дека оваа јавна набавка беше ставена на Дневен ред на една од претходните седници, меѓутоа заради изборниот процес се одложи до завршување на изборите.

Г-дин Трајчев рече дека тука повторно Советот одлучува за потреба. Објасни дека и претходно има реагирано дека е добро да се побараат повеќе од две понуди во вакви ситуации каде нема постапка согласно Законот за јавни набавки и да има поголема можност за избор.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на услугата – Изработка на табла, за Агенцијата, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки, во износ од 34.810,00 денари со вклучен ДДВ.

Горенаведената услуга – Изработка на табла, не е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата, бидејќи услугата е со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки.

За реализирање на горенаведената услуга средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

______________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**